Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 14 став (1) и став (2) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21) и член 43 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија на седница, одржана на ден 30.01.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година

**ВОВЕД**

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во: политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општественото живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

Локалната власт преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса.

Основните области кон кои треба да бидат насочени активностите во Општина Гевгелија и да се интензивира работата во 2023 година за воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност се:

- заштита од насилство врз жените и семејното насилство;
- воведување во пракса процес на креирање родово одговорни политики и програми и
- јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување родово одговорно буџетирање во ЕЛС.

Овие области беа дефинирани како резултат на соработката помеѓу Општина Гевгелија (координатор и заменик координатор за еднакви можности), ЈУ МЦСР Гевгелија, Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Гевгелија и невладиниот сектор.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Основни цели на активностите на Општина Гевгелија во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа Програма се:

- зајакнување на свеста кај жените за препознавање на насилството врз жените и семејното насилство, како и различните форми на насилството врз жените и семејното насилство
- унапредување на соработката помеѓу надлежните институции при постапување во случаи на насилството врз жените и семејното насилство
- утврдување на проблеми/ потреби и приоритети за подготовка на родово одговорни програми и методологија за креирање на родово одговорни политики и програми и
- јакнење на капацитетите на општинската администрација и членовите на КЕМ за родово одговорно буџетирање.

## АКТИВНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

| ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ: ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРОБЛЕМИ/ПОТРЕБИ** | **ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ** | **АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **БУЏЕТ** | **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **ИНДИКАТОРИ** |
| Жените и девојките не го препознаваат насилството врз жени и семејното насилство, ниту различните форми на насилство врз жени и семејно насилство | Информирање и едукација на целните групи преку креативни методи | Снимање на краток филм со информативно-едукативна содржина | Март-јуни 2023 | Драмска секција<br><br>КЕМ<br><br>Координатор-ка за ЕМ | 25.000 | Буџет на Општина Гевгелија<br><br>Бизнис-заедница | % на гледаност<br><br>Број на емитувања<br><br>% на новопријавени случаи на насилство врз жени и девојки |
| Жените и девојките не ги пријавуваат (ретко ги пријавуваат) случаите на насилство во надлежните институции | Информирање и едукација на целните групи преку креативни методи | Изработка на мурал на зграда | Мај-јуни 2023 | Друштво на ликовни уметници<br>КЕМ<br>Координатор-ка за ЕМ | 20.000 | Буџет на Општина Гевгелија<br><br>Бизнис-заедница | %на новопријавени случаи на насилство врз жени и девојки |
| Во Општина Гевгелија не постои координирана и интегрирана соработка за постапување на надлежните институции во случаи на насилство врз жени и семејно насилство | Промоција на мултисекторски интегриран пристап, Јакнење на капацитети за мултисекторско делување на надлежните институции | Формирање на Мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство | Формирање на МТЗ во Гевгелија<br><br>Одржување на состаноци и работилници | Јануари-декември 2023 | 100.000 | ЕХО Едукативно-хуманитарна организација Штип | Број на членови (жени и мажи) во МТЗ Гевгелија<br><br>Број на вклучени институции во МТЗ<br><br>Број на процесирани случаи на насилство врз жени и девојки и семејно насилство |

| ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ: ВОВЕДУВАЊЕ ВО ПРАКСА ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ И ПРОГРАМИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРОБЛЕМИ/ПОТРЕБИ** | **ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ** | **АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **БУЏЕТ** | **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **ИНДИКАТОРИ** |
| Не постои Методологија за креирање родово одговорни политики и програми | Јакнење на капацитетите на општинската администрација за спроведување на процеси за креирање родово одговорни политики | Две Работилници за подготовка на методологија за процес на подготовка на родово одговорни политики/програ-ми | Февруари-април 2023 | КЕМ<br><br>Координатор-ка за ЕМ | 2 x 15.000 (30.000) | Општина Гевгелија<br><br>Локални НВО | Број на учесници на работилниците (жени и мажи)<br><br>Подготвена мтодологија |
| Нема спроведени истражувања, утврдени проблеми/потреби на жените и девојките, како и утврдени приоритети како основа за подготовка на родово одговорни програми | Спроведување годишни истражувања и анализи за утврдување на проблеми/ризици /потреби и прибирање на идеи и иницијативи | Реализација на онлајн или теренски анкетен прашалник | Април-јуни 2023 | КЕМ<br><br>Координатор-ка за ЕМ<br><br>Локални НВО | 15.000 | Општина Гевгелија<br><br>Локални НВО | Број на анкетирани жени/девојки<br><br>Резултати од анализа<br><br>Број на утврдени приоритети |
| **ОБЛАСТ: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ЕЛС** | | | | | | | |
| **ПРОБЛЕМИ/ПОТРЕБИ** | **ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ** | **АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **БУЏЕТ** | **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **ИНДИКАТОРИ** |
| Недоволна обученост на општинската администрација и членовите на КЕМ за родово одговорно буџетирање | Континуирана едукација<br><br>Јакнење на капацитети на општинската администрација и КЕМ за креирање родово одговорни политики и програми | Дводневна работилница за родово одговорно буџетирање и негова примена во општинските програми | Март- јуни 2023 | Координатор-ка за ЕМ<br><br>КЕМ<br><br>Граѓански организации специјализирани за РОБ | 60.000 | Општина Гевгелија<br><br>Меѓународни донатори | Број на учесници на работилницата (жени/мажи)<br>Број на обучени лица<br>Број на подготвени програми каде е применето родово одговорно буџетирање |

**БУЏЕТ**

Активностите предвидени во Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија за 2023 година ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на Општина Гевгелија 2023 година во вкупен износ од **150.000,00** денари и од донатори во износ од **100.000,00** денари.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-170/1
30.01.2023 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
с.р.